Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 39, 3 мај 2010 година

мај 2010 година
Штип

# СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник - помлад асистент од научната област педологија на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на еден помлад асистент/асистент за наставно - научната област ботаника на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип ........ 5

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научната област растителна екологија и фитоценологија на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип ........ 11

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за наставно-научната област хемија на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип ........ 21

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање помлад асистент по економика на земјоделството и основи на агроекономија на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип ........ 25

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент во научната област менаџмент на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 31

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент за научната област меѓународна економија на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 40

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент за научната област историја на економската мисла на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 48

**РЕФЕРАТ** за избор на двајца соработници во соработничко звање асистент за научната област финансии и банкарство на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 52

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент за научната област економска теорија на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 61

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент во научната област статистика на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 68

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент за научната област математика на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 74

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научно подрачје стоматологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 77

**РЕФЕРАТ** за избор на асисистент (специјалист) за научната област ортопедски болести на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 84

**РЕФЕРАТ**за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научното подрачје фундаментални медицински науки на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 87

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Борис Крстев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИК ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ АСИСТЕНТ ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ СТАТИСТИКА НА ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 1702-37/24 од 18.2.2010 година, донесена на првата седница на Наставно-научен совет на Економски факултет, одржана на 18.2.2010 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за **избор на соработник во соработничко звање асистент во областа на статистиката** на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Дневник” и „Лајм”, на 4.2.2010 година, и во предвидениот рок се пријавија кандидатите: м-р Теодора Филипова, магистер по маркетинг, рекламирање и јавни односи, м-р Жарко Маркоски, магистер по бизнис администрација-МБА менаџмент и м-р Горан Миладинов, магистер на социолошки науки со потесно подрачје на специјалност во демографијата, вработен на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип, како асистент по предметите во областа на статистиката и здравствено и социјално осигурување.

Врз основа на приложената документација и нашето познавање на кандидатите, чест ни е на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатката **м-р Теодора Филипова** е родена на 17 февруари 1984 година во Штип, каде го завршува основното и три години од средното образование (Гимназија „Славчо Стојменски), а четвртата година од гимназиското учење ја завршува во “Hommer Hanna“, High Shool, Brownsville, Texas, USA, со одличен успех. Дипломира во 2005 година на The University of Sheffild, UK на Бачелор студии во бизнис-сметководство и финансии (со одличен успех), Солун, Грција.

Во 2007 годна завршува магистерски студии по маркетинг, рекламирање и односи со јавноста и се стекнува со научен степен магистер по маркетинг, рекламирање и односи со јавноста.

Нејзиното професионално-работно искуство се одвива во „Астибо фешн груп“ ДООЕЛ, Штип, од декември 2006 год. на работно место менаџер за организација и производство.

Согласно со наведените вештини што ги поседува кандидатката, течно зборува и пишува на македонски, англиски, грчки, српски и хрватски јазик.

Исто така, ги наведува вештините за одлично познавање на работа со компјутер Microsoft Office (Excel, Word), Power Point презентации, како и вештините во комуникација, јавни настапи, презентации, менаџирање на разновидни групи.

*Список на трудови*

Во списокот на трудови доставува листа на трудови:

- Teodora Filipova, Product country image-the case of Macedonia as a tourist destination in the international market. International scientific congress of tourism and management,The challienges and perspectives of the Tourism and Management, 26-27 September 2009, University of Tourism and Management - Skopje Macedonia.

***Биографски податоци***

Кандидатот **м-р Жарко Маркоски** е роден на 6 декември 1970 година во Прилеп. Дипломира во 1995 година на Електротехнички факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Магистерски студии запишува во 2005/2006 год. на Економскиот факултет во Прилеп при Универзитетот „Св. Климент Охридски“, каде по завршувањето на двегодишните постдипломски студии со просечна оценка 8,30 и на 9.2.2010 година со одбранет магистерски труд со наслов *„Електронските платни системи на финансиската инфраструктура - студија на случај: Република Македонија“* се стекнува со научен степен **магистер по бизнис администрација - МБА менаџмент**.

Покрај овие основни дипломи се стекнува уште и со различни сертификати, како што се: во 2002 година се стекнува со вештини и познавање на основи на Microsoft office преку UNDP, во 2004 - управување со проектен систем, исто и со архивско работење, преку Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС) - Скопје, невладина организација. Исто така, во 2004 година преку GTZ се стекнува со вештини за градење на тимови, целосно ориентирање на планирање на проекти, проектно финансирање и работа со донатори. Во 2008 година преку Бирото за јавни набавки се стекнува со вештини и познавања за подготовка на јавни набавки според Законот за јавни набавки, изработка на техничка документација, огласување и учество во комисии за јавни набавки. Во 1997/98 година при Работничкиот универзитет „Моша Пијаде“ во Прилеп завршува прв и втор степен англиски јазик. Како лични способности ги наведува: подготовка со проекти, вештини на комуникација и организација и подготовка на стратегија ЛЕР.

Неговото работно искуство започнало во 1998 година во АД „ЕМО“ -Охрид, ПЦ „Гребенасти склопки“ - М. Брод, каде работи до 2001 година, а од 2001 година до 10.2.2010 во ЕЛС Општина Долнени - н.м. Долнени, како советник-комунален инспектор.

*Список на трудови*

Во списокот на трудови доставува две семинарски работи со наслов:

- „Влијанието на информационата технологија врз дизајнот на организациите“ и
- „Лизингот како современ начин на финансирање“.

***Биографски податоци***

Кандидатот **м-р Горан Миладинов** е роден на 15 јануари 1977 год. во Штип, каде завршува основно и средно образование.

Дипломира во 1999 година на Филозофскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј” - Скопје, насока Социологија, со просечна оценка 9,10 и се стекнува со право на стручен назив **дипломиран социолог**.

Својот магистерски труд со наслов *„Влијанието на социо-економските и демографските детерминанти врз регулацијата на родноста кај населението*” го пријавува на Филозофскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, на насоката Социологија, на Одделот за демографија. Магистерскиот труд успешно го одбранува на 19.12.2002 година, со што се стекнува со право на научен степен **магистер на социолошки науки - насока Демографија.**

За време на до дипломските и особено за време на постдипломските студии, кандидатот реализира повеќе научни престои и стручни усовршувања во странство во областа на демографската статистика, демографијата и статистичката анализа на податоци, како и учество во меѓународни и домашни проекти.

Во тој период ги реализира следниве студиски престои*:*

- 2002 г., октомври-ноември: студиски престој (визитинг-истражувач) на Макс Планк институтот за демографски истражувања, Росток, Германија. Учество истражувачките курсеви: Мерења и модели во демографијата и Истражувачки алатки и презентациони вештини.
- 2002 г., март-мај: истражувачки престој (визитинг-истражувач) на Државниот

универзитет во Јужна Каролина, Департманот по социологија, САД, работа на анализа на статистичко истражување од 600 испитаници, воедно дел од магистерскиот труд (стипендиран од Американскиот институт за национално здравје).

- 2001 г., јануари - февруари: студиски престој (визитинг-истражувач) на Макс Планк институтот за демографски истражувања, Росток, Германија. Учество на истражувачките курсеви: „Демографија на  Централна и Источна Европа” и „Популационите процеси и динамиката на семејствата низ Европа”.
- 2000 г., мај - јули: стручно усовршување во областа на демографската статистика при Државниот универзитет во Љубљана, Факултет за општествени науки (стипендиран од Словенечкото министерство за наука и технологија во соработка со Македонското министерство за наука и образование).

Исто така, во овој период кандидатот учествува како соработник во неколку проекти:

- 2004 г., април - мај:  „Ромките  и нивното фертилитетно однесување“ -Институт отворено општество Македонија, Скопје и Институт по социологија, Скопје.
- 2003 г., октомври - ноември: „Младите и нивниот развој во Р. Македонија” - Светска банка и Институт по социологија - Скопје.
- 2000 г., јануари - мај: „Новите технологии и комуникации” (компаративна студија за Македонија, Бугарија и Романија) - ЕУ, ТАКТИКС и Институт по социологија, Скопје.
- 1999 г., мај: „Етничкиот соживот во Р. Македонија” - Институт по социологија.

Во текот на својата научноистражувачка дејност, кандидатот објавува повеќе од 7 научни трудови, објавени во земјава и во странство од областа на демографијата, населението, статистичката анализа и учествува на научни конференции како автор и коавтор.

*Список на трудови*

1. *Goran Miladinov, MD (2009)*: ”A review of demographic trends of the Macedonians and Slovenes-A comparative study”. Прифатен и презентиран научен труд на 26-та Научна конференција за населението, одржана во Маракеш, Мароко, во септември 2009 год. во организација на International Union of scientific study of population.
2. Проф. д-р Трајче Мицески, **м-р Горан Миладинов** (2008):  „Статистичка анализа и прогноза на туристичките движења во Р. Македонија. Презентиран научен труд на Втората интернационална конференција за туризам, одржана во Скопје, во септември 2008 год. под покровителство и организација на Факултетот за туризам и менаџмент во Скопје.
3. Goran Miladinov, MD (2008): ”The changes of ethnical structure of Republic of Macedonia after emigration of Turkish minority”. Прифатен научен труд на Европската конференција на населението, одржана во Барселона, Шпанија,  во јули 2008 г. Организатор - European Association for population study.
4. Проф. д-р Трајче Мицески, **асистент м-р Горан Миладинов** Универзитет „Гоце Делчев“, Економски факултет, Штип, Статистичка анализа на социоекономската состојба на Р. Македонија и земји на ЕУ, Меѓународен научен собир на тема „Социокултурните аспекти на евроинтеграцијата“ 14-15 ноември 2008 година, хотел Салида, Прилеп.
5. Проф. д-р Трајче Мицески, м-р **Горан Миладинов** (2008): „Збирка на решени задачи по статистика”. Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, 2008 (еецензиран  труд).
6. Goran Miladinov, MD (2006): ”The instrumental character of demographic transition in Republic of Macedonia”. Прифатен научен труд на Европската конференција за населението, одржана во Ливерпул, В. Британија, во јули 2006 г.  Организатор - European Association for population study.

7. Goran Miladinov, MD *(2005)*: "Measuring fertility regulation models among women in Shtip, Macedonia", прифатен проширен апстракт на Интернационалната конференција за населението 2005г., одржана во Тоурс, Франција, 2005. Организатор - International union for scientific study of population.
8. М-р Горан Миладинов: „Влијанието на социо-економските и демографските детерминанти врз регулацијата на родноста кај населението". Магистерски труд, Филозофски факултет, Институт по социологија, Скопје, 2002.

Матичната комисија при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип во јуни 2007 година го избира м-р Горан Миладинов за асистент по предметот Статистика во економијата при Економскиот факултет на истоимениот Универзитет.

Од 2007 година до денес, кандидатот работи на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип како асистент на предметите: Статистика, Здравствена статистика и анализа на податоци и Здравствено и социјално осигурување.

Во продолжение ќе се задржиме на некои од неговите трудови.

Во трудот „*Преглед на демографските трендови на Словенците и Македонците, компаративна студија"*, фокусирајќи се на Македонија и Словенија, авторот ги проучува главните демографски и социо-економски трансформации, при што се опфатени и споредливи податоци за структурата и големината на населението во двете земји, родноста, како и влијанието на посредничките варијабли врз родноста.

Споредувајќи ги наоѓањата за демографската ситуација и за двете земји, Македонија и Словенија, авторот покажува дека Словенија се соочува со подолготрајно намалување на стапката на фертилитет и дека во брз перспективен период ќе се очекува појава на значително стареење на нејзиното население, со што бројот на население постаро од 60 години ќе биде позастапено за разлика од контингентот на работна сила, тенденција што ја сместува Словенија многу поблиску до земјите од Западна Европа. Со континуирано следење на стапката на фертилитет во Македонија, авторот заклучува дека истата се намалува континуирано. Значајно е неговото нагласување дека намалувањето на стапката на фертилитет во Македонија започнало во различни периоди за различни региони од нејзината територија и се разликува по интензитет.

Во трудот „*Инструменталниот карактер на демографската транзиција во Република Македонија*", авторот сугерира автохтон и инструментален пристап во објаснувањето на процесот на демографската транзиција, нагласувајќи дека демографската транзиција во Република Македонија има инструментален карактер и целосно е предводена од општествените особености во земјата и брзиот економски развој, а не од идеолошките и интелектуалните дебати, што е карактеристично за автохтониот демографско-транзициски пристап. Понатаму, авторот се фокусира на влијанието на социо-економските услови во Република Македонија, што според него доведоа за еден брз и краток инструментален карактер на процесот на демографската транзиција.

Во магистерскиот труд, вкупно 245 страници: *„Влијанието на социо- економските и демографските детерминанти врз регулацијата на родноста кај населението*", авторот го објаснува влијанието на социо- економските и на демографските детерминанти врз регулацијата на родноста мерено врз трендовите на одгледување на деца, некогаш користено и моментално користење на контрацепција помеѓу жените од 15 до 49-годишна возраст, споредено со млади од 15 до 27 години, од податоци од статистичко истражување од вкупно 600 испитаници спроведено лично од авторот, во Штип, Р. Македонија, 2001/2002 со примена на квотен примерок.

Во првиот дел се прикажани современите сфаќања и теории за економските и општествените процеси кои го определуваат поимот родност, понатаму се објаснети демографските трендови на родноста и употребата на контрацепциони средства низ светот

и во Европа и исто така е даден приказ за состојбите во Република Македонија. Овде повеќе се насочува вниманието на поимот родност во пошироки рамки за општеството и за населението.

Во вториот дел е опфатен методолошкиот пристап на истражувањето, постапките, фазите, начинот, примерокот, спроведувањето на истражувањето и слично.

Во третиот дел е прикажана анализата на резултатите од статистичкото истражување. Добиените резултати од истражувањето ја потврдија неокласичната теорија на Гери Бекер дека зголеменото образование на жените резултира со подобри можности за вработување за жените и тоа нив ги прави помалку зависни од традиционалните форми на семејство и брак, со цел да стекнат економска сигурност и исто понатаму подобрите можности за вработување подразбираат зголемени можни трошоци поврзани со извршување на задачи во семејството, како и раѓање и одгледување на деца.

Според авторот, статистичката анализа придонесе да биде направена евалуација на некој социо-економски и демографски детерминанти и нивното влијание врз нивоата на фертилитетот и контрацепционата практика помеѓу жените. Авторот од резултатите што ги најде открива дека образовниот статус на жената е од круцијално значење во поглед на регулирањето на родноста кај населението, особено во користењето на модерни контрацептивни средства. Како и да е, генерално зборено, авторот открива дека повеќе од половината од испитаниците користат некои од традиционалните начини за контрацепција и дека сè уште е нагласена потребата за зголемување на употребата на модерни контрацептивни средства.

## ОЦЕНКА И ПРЕДЛОГ

Врз основа на изнесените податоци за стручната, научната и наставната активност на асистентот м-р Горан Миладинов, Комисијата констатира дека кандидатот покажува постојан и прогресивен стручен развој и дава значаен придонес во областа на статистиката и демографијата.

Перманентниот интерес за научноистражувачка работа на кандидатот се потврдува со неговите објавени научни и стручни трудови. Научноистражувачката работа на кандидатот е континуирана и ја потврдуваат неговата ориентација за системски пристап кон непосредната и пошироката област и проблематиката којашто се однесува на предметот за којшто кандидатот конкурира.

Комисијата оценува дека во неговата научноистражувачка работа, кандидатот придонесува за осознавање и истражување на движењата на современите демографски процеси, ги анализира истите, и ги следи поновите трендови во областа на статистичката методологија и анализа, како и ги трансферира овие знаења во неговата наставно-образовна работа.

Имајќи ја предвид целокупната научна, стручна и наставна активност на кандидатот, Комисијата оценува дека м-р Горан Миладинов ги исполнува предвидените законски и други услови и има чест да му предложи на Наставно- научниот совет на Економскиот факулет, м-р Горан Миладинов **да го избере во звањето асистент за научната област - *статистиката.***

**Рецензентска комисија**
**Проф. д-р Трајко Мицески (претседател), с.р.**
**Доц. д-р Маргарита Матлиевска, с.р.**
**Доц. д-р Александар Костадиновски, с.р.**

**Т а б е л а**
**за вреднување на активностите на м-р Горан Миладинов, според критериумите дадени во Правилникот за избор на наставници, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип**

| **Вид на активност** | **број** | **поени** | **вкупно** |
|---|---|---|---|
| **Наставно-образовна (НО)** | | | |
| Збирка на решени задачи, учебно помагало | 1 | 5 | 5 |
| Интерна скрипта за предавања | 1 | 4 | 4 |
| Вежби (неделен просечен фонд на часови во двата семестра во изборниот период) | 16 (10+2+2+2) +4=**20**(2009/10) 18(12+2+2+2)+2 =**20**(2008/09) 10(8+2) = **10**(2007/08) *Вкупно*: 50 | број на часови по 0,2 поени за секоја учебна година | 10 |
| **Научноистражувачка (НИ)** | | | |
| Трудови со оригинални научни резултати објавени во научно списание опфатено во(СЦИ/ЦА/останати) | 0 | 9/6/3 | 0 |
| Трудови со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир | 2<br>4 | домашни: 1,5<br>странски: 2 | 11 |
| Учество на научен собир со реферат (постер/ усно) | 1<br>1 | домашни: 1,5<br>Странски: 2 | 3,5 |
| Студиски престој во странство | 4 | 8 | 32 |
| Одбранета магистерска работа | 1 | 4 | 4 |
| **Стручно-апликативна (САОР)** | | | |
| Член на факултетски орган, комисија | 1(ННС) | 2 | 2 |
| **ВКУПНО ПОЕНИ (НО+НИ+САОР)** | | | **71,50** |